ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

- Соопштение за медиуми-

Скопје, 04.01.2023 година

# Заштитата на културното наследство во нашата држава не е доволно ефикасна

**Мерките и активностите кои ги преземаат надлежните институции не се доволни и ефикасни да се оствари потребната заштита и ревитализација на недвижното културно наследство**

Ревизорите утврдиле:

- ✓ отсуство на редовна грижа, одржување, обезбедување и мерки за непосредна заштита од страна на имателот и надлежната институција за заштита кои придонесуваат кон оштетување, загуба, уништување и зголемени трошоци за одржување и активно функционирање на културното наследство, како и
- ✓ не обезбедени јасни и објективни критериуми за начин на финансирање на недвижното културно наследство и распределба на средствата на надлежните институции, што ја ограничува можноста за навремена и соодветна заштита на недвижните добра.

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност на тема **"Ефикасност на политики и мерки за заштита, управување и ревитализација на недвижното културно наследство"** согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2022 година.

Целта на извршената ревизијата е да даде одговор на прашањето: **„Дали со постојната правна рамка, воспоставениот начин на водење на евиденција, финансирање на активностите и преземените мерки на надлежните институции за идентификација, заштита и надзор се обезбедува остварување на ефикасна заштита на недвижното културно наследство?"** во насока на зголемување на ефикасноста на мерките и активностите на надлежните институции за заштита на недвижното културно наследство, како темелна вредност на државата што се заштитува во секакви околности.

Културното наследство како темел на националниот и културниот идентитет на еден народ. Нашата држава има богато културно наследство од минатите генерации кое е од непроценлива значајност, што треба да се заштитува, зачувува и одржува, како траен влог за идните генерации..


ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков", 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov", rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата дава основа да го изразиме следниот заклучок:
Стекнато е разумно уверување дека мерките и активностите за заштита, управување и ревитализација на недвижното културно наследство кои се преземаат од страна на надлежните институции не се доволни и ефикасни да се оствари потребната заштита и ревитализација и создава реална опасност за трајно зачувување на недвижното културно наследство за идните генерации.

Со извршената ревизија е утврдено:

- одредени **недоречености и неусогласеност со поврзаната законска регулатива, како и непрменливи законски решенија во пракса** кои ги отежнуват постапките за непосредна заштита на културното наследство.
- **отсуството на стратешки и плански документи** има влијание врз дефинирање на приоритетни цели и основни начела, мерки и активности за заштита и користење на културните добра и утврдување на активности за трајно зачувување на културните вредности и нивна интегрирана заштита.
- **нецелосно спроведена класификација и извршена ревалоризација за само 18% од вкупниот број на регистрирани недвижни културни добра во државата**, **нецелосно воспоставена заштитна евиденција**, необезбедени сеопфатни и ажурирани податоци во регистарот на недвижно културно наследство и **неизграден Национален информативен систем за културното наследство** придонесуваат да не се обезбедени јавно достапни информации за културното наследство на државата и негова заштита.
- финансиските средства за заштита на културно наследство од буџетски и странски извори **за периодот од 2018 – 2021 година** се реализирани во вкупен износ од **293.528 илјади денари,** при што одобрените буџетски средства од Министерството за култура **по Нацрт-програмите** за сите национални установи секоја година бележат **намалување**, кое се движи во просек **од 16% до 23% по година.** Висината на обезбедените финансиски средства и стручните лица не се доволни за ефикасно спроведување на активностите за непосредна заштита, а неправилното алоцирање на средствата за заштита ја ограничуваат можноста за навремена и соодветна заштита на недвижните добра.



- **нерешените имотно-правни односи, долгиот период на постапките за експропријација, отсуството на редовна грижа, одржување, обезбедување, преземање на мерки за заштита од страна на имателите/корисниците и надлежните институции**, придонесуваат кон оштетување, загуба, уништување, зголемени трошоци за одржување и активно функционирање на културното наследство.
- **значаен недостиг на инспектори**, односно екипираност со тројца инспектори во 2021 година со надлежност за вршење надзор на сите видови културно наследство на целата територија на државата, како и **отуството на надзор** над секое преземање мерки на непосредна заштита од страна на инспекциската служба**, делумно извршени контролни надзори на решенија** за отстранување на неправилности и непостапување од страна на субјектите по изречени мерки придонесуваат кон недоследна примена на пропишаните услови и намалена ефикасност од инспекцискиот надзор, што влијае да не се постигнат посакуваните ефекти за одржување, опстанок и ефикасна заштита на недвижното културното наследство.

За надминување на погоре наведените состојби, до надлежните институции дадени се препораки кои се темелат на резултатите од извршената ревизија кои треба да обезбедат:

- измени и дополнувања, односно донесување на нов Закон за заштита на културното наследство и усогласување со поврзаната законска регулатива;
- подобрување на кадровската екипираност на националните установи со стручни лица за заштита на недвижното културно наследство;
- воспоставување на функционален Информативен систем за културното наследство и Национален регистар на културното наследство;
- одобрување на средства за поголемо вложување во превентивна заштита на културното наследство и изнаоѓање на дополнителни извори на финансирање на заштитата на културното наследство;
- кадровско доекипирање со инспектори за недвижно културно наследство и зголемување на ефикасноста од инспекцискикиот надзор преку спроведување на контролен инспекциски надзор по издадените решенија со изречени мерки.

**Прес контакт:**
Албиона Мустафа Мухаџири +389 72228 203 albiona.mustafa@dzr.gov.mk
Мијалче Дургутов +389 70 358 486 mijalce.durgutov@dzr.gov.mk
Мартин Дувњак +389 75 268 517 martin.duvnjak@dzr.gov.mk